Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
02-1690/1-2
15.10. 2018 год.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, по разгледување и увид во сметководствената документација за материјално финансиското работење на ЈП во третиот квартал во 2018 година, на седницата одржана на 15.10.2018 година, состави

# И З В Е Ш Т А Ј

## за финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево за трет квартал во 2018 година

1.Во третиот квартал (01.07.-30.09.) на деловната 2018 година, искажаните финансиски показатели се резултат на настанатите деловни промени во работењето на ЈП во овој квартал на годината, утврдени во финансиските извештаи, со увидот во истите и Извештај (Информација) бр. 01-1659/1 од 08.10.2018 година за финансиското работење на ЈП „Студенчица" Кичево за третиот квартал на Директорот на јавното претпријатие и табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци.

2. Информацијата бр. 01-1659/1 од 08.10.2018 година за финансиското работење на ЈП „Студенчица" Кичево за третиот квартал 01.07.-30.09.2018 година од Директорот на јавното претпријатие, со табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци за третиот квартал на 2018 година, објективно и реално ја искажува материјално финансиската состојба и работење на јавното претпријатие.

3.Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење утврди дека во јавното претпријатие книговодствена евиденција се води комјутерски, ажурно и согласно позитивните прописи и усвоените сметководствени политики.

4.Во третиот квартал (01.07.-30.09) 2018 година остварен е:

Вкупно приход ____________________ 17.343.304,00 денари
Вкупно расход _____________________ 13.252.304,00 денари
Вишок на средства од работењето-добивка4.091.000,00 денари

5.Вкупните остварените приходи во третиот квартал за 2018 година се на износ од 17.343.304,00 денари и во однос на планираните ( 16.791.350,25 денари) во Финансискиот план, се реализирани со 103,29%.

Во третиот квартал од деловната 2018 година се реализирани следните приходи :

- приходи од продажба на вода во износ од 11.959.520,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (12.091.346,00) се реализирани со 98,91%.

- приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец, во износ од 4.620.864,00 денари, и истите во однос на вкупно планираните за овој квартал (3.725.436,25) се реализирани со 124,04%,

-приходи по основ камати од орочени средства на краток период се реализирани во износ од 200.275,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (210.000,00) се реализирани со 95,37%,

-приходи од поранешни години (неплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ 495.508,00 денари и истите во однос на планираните за овој квартал (764.568,00) се реализирани со 64,81%.

6.Во третиот квартал од деловната 2018 година, вкупните расходи изнесуваат 13.252.304,00 денари и во однос на планираните ( 16.777.000,00 денари) истите се реализирани со 78,99%.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% и тоа:

- потрошени суровини и материјали 16,83%,
-потрошени материјали( адм. Управни и прод.) 12,73%,
-потрошена енергија 61,48%,
-потрошена енергија МХЕ Добреноец 68,94%,
-потрошени резервни делови 20,05%,
-поштенски,телефонски и интернет услуги 44,46%,
-услуги за одржување и заштита 27,31%,
-комунални услуги 27,60%,
- останати услуги 71,36%,
-вкалкулирани плати 77,76%,
-амортизација по минимални стапки 98 %,
-надомест за трошоци на вработени 36,74%,
-трошоци за надомест и други примања на членови на Управен одбор и Надзорен одбор 92,52%,
-дневници за службени патувања и патни трошоци со 41,41%,
-банкарски услуги и трошоци на платен промет 59,68% ,
- трошоци за репрезентација 57,55%,
- даноци кои не зависат од резултатот ,членарини во здруженија со 38,28%,
- останати трошоци од работењето 85,17%.

Отстапување во однос на идеално планираната граница за реализација на определни трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како следи: отпис на ситен инвентар 127,28% и трошоци за надоместок за користење на вода од МХЕДобреноец 101,28%.

Отстапувања кај овие расходни ставки се должи на исплатите на еднократни трошоци во овој квартал кои се планирани на годишно ниво.

Вкупните побарувања заклучно со крајот на овој квартал на 2018 година изнесуваат 121.484.947,00 денари, од кои поголем дел се побарувања од

купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 81.375.170,00 денари и се намалени за 8,58% во однос на истиот период од 2017 година.

Јавното претпријатие во овој квартал има и краткорочни побарувања за дадени депозити од 40.000.000,00 денари во Банки , со период на орочување до 6(шест) месеци.

8.Вкупните неизмирени обврски заклучно со завршување на овој квартал изнесуваат 779.426,00 денари, и тоа: обврски кон добавувачи од 139.845,00 денари, обврски за придонеси од плати од 5.038,00 денари, обврски по основ персонален данок 16.484,00 денари, останати обврски кон вработените 900,00 денари, обврски за данок на додадена вредност 468.788,00 денари и обврски за надоместок на члeновите на Управен одбор и Надзорен одбор на јавното претпријатие 148.371,00 денари. Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок, како и обврските кон добавувачите.

9.Основна карактеристика за третиот квартал на деловната 2018 година е тоа што остварен позитивен финансиски резултат во работењето во износ 4.091.000,00 денари.

10.Надзорниот одбор констатира дека ЈП навремено ги сервисира тековните обврски кон државата и добавувачите и успешно се справува со извршување на своите обврски кои произлегуваат од дејноста која ја врши.

11.Овој Извештај да се достави до Управниот одбор на ЈП и Владата на Република Македонија.

Врз основа на претходно наведеното Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на ЈП ,,Студенчица,, Кичево, едногласно го дава следното:

## М И С Л Е Њ Е

1.На Извештајот бр.01-1659/1 од 08.10.2018 за финансиското работење на ЈП за водоснабдување ,,Студенчица,, Кичево за третиот квартал во 2018 година, Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење дава позитивно мислење.

Доставено до:
-Влада на РМ
-Управен одбор на ЈП
-Директор на ЈП
-архива

15.10.2018 година

Кичево

Претседател на Надзорен одбор

Лирим Фејза